Бр. 12-2441/4

13.05.2019 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно член 22 став 1 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), на 15-та седница одржана на ден 09.05.2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема основа за нејзино надлежно постапување, односно нема законска надлежност да се произнесува по однос на поставеното прашање во предметот со број 12 - 2441/1 од 16.04.2019 година.

Предметот со број 12- 2441/1 од 16.04.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12- 2441/1 од 16.04.2019 година е оформен по допис доставен на електронска пошта на ДКСК, со поставено прашање за тоа дали за време на распишани претседателски избори, односно во време на изборниот тековен процес, смее да се дава овластување на стручен соработник вработен во Фондот за здравствено осигурување на РСМ за потпишување на акти од надлежност на раководител на Подрачна служба Велес.

На седницата, по разгледување на сите наводи на предметниот пријавен случај, ДКСК констатира дека станува збор за анонимна пријава со поставено прашање за кое Државната комисија за спречување на корупцијата нема законска надлежност да се произнесува.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk